

# Попреченоста во медиумското известување – огледало на општествените перцепции

Првични наоди од мониторингот на медиумите за застапеноста и за начинот на покривање на лицата со попреченост

Автори:
Весна Никодиноска
Владо Крстовски

Автори:
Весна Никодиноска
Владо Крстовски

Методологија: Верица Рупар

Истражувачи:
Владо Крстовски
Василка Димоска
Маја Гацоска

Лектор: Виолета Караџовска- Стојанова

Дизајн: Милош Петров

Оваа публикација е изработена од Институтот за медиуми и различности (МДИ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Националниот совет на инвалидски организации на Македонија (НСИОМ), како дел од проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“, што е финансиран од Европската Унија.

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е одговорност единствено на Институтот за медиуми и различности (МДИ) и на никаков начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.*

# Попреченоста во медиумското известување – огледало на општествените перцепции

Првични наоди од мониторингот на медиумите за застапеноста и за начинот на покривање на лицата со попреченост

# Содржина

1. Вовед 06
2. За проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“ 09
3. Цел на истражувањето и методологија 12
4. Мониторинг на медиумите: мал број содржини во кои се присутни лицата со попреченост 13
5. Основни наоди од спроведените интервјуа 21
6. Препораки 27

# 1. Вовед

Социјалните политики за подобрување на положбата на лицата со попреченост доживеаја суштински промени на меѓународно ниво во текот на изминатите две децении. Ова резултираше со унапредување на легислативата и институционалната рамка на европско и на национално ниво, што го вклучува концептот на социјалната инклузија и еднакво учество на лицата со попреченост во секојдневниот живот на еднаква основа со другите граѓани. Соодветното претставување на лицата со попреченост во медиумите и подигнувањето на јавната свест за прашањата поврзани со нив, исто така имаат значајно влијание врз градењето на генералните перцепции за овие лица.

Денес на попреченоста се гледа низ призмата на човековите права, односно признавањето на основното право на лицата со попреченост целосно да учествуваат во социјалниот, културниот, политичкиот и економскиот живот на заедницата. Државите треба да развиваат цврсти социјални политики и политики за социјална инклузија, кои задолжително треба да вклучат аспекти во однос на лицата со попреченост. Значаен дел од овие стремежи е подигнувањето на јавната свест за правата и можностите на лицата со попреченост и промена на начинот на кој другите ги перципираат. Голема улога во тоа имаат медиумите што ги портретираат лицата со попреченост и известуваат за прашањата поврзани со нивните човекови права. И покрај тоа, овие граѓани сè уште се една од најмаргинализираните групи: многу од нив немаат еднаков пристап до здравствена заштита, образование, вработување, ниту до социјални услужни служби што се поврзани со нивната попреченост. Предрасудите од околината се дополнителен фактор што ја отежнува нивната положба во општеството.

Во Република Северна Македонија во последните години постојат повеќе иницијативи за унапредување на правата на лицата со попреченост во рамките на секторите социјална заштита, деинституционализација, како и образование. Обврските што се преземени со ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во 2011 година се интегрирани во стратегиите за развој на аудио и аудиовизуелна дејност, за деинституционализација, за образование и за недискриминација.
Од другите меѓународни документи, значајни се заклучните согледувања што Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост ги упати кон надлежните институции во државава при разгледувањето на иницијалниот државен извештај за имплементацијата на Конвенцијата (септември 2019 година). Комитетот посочи загрижености поради недостигот од национална политика и стратегија за подигнување на свеста за попреченоста и недоволно напори за спречување и борба против стереотипите за попреченоста и дискриминацијата по оваа основа, а утврди постоење само на *ад хок* активности за подигнување на свеста, кои се фокусираат на оштетувањето, наместо на правата, а го зајакнуваат милосрдниот пристап кон попреченоста. Поради тоа, Комитетот препорача државата да усвои национална политика и стратегија за подигнување на свеста за попреченоста, со цел спречување и борба против дискриминацијата што ја доживеале лицата со попреченост, преку учество на лица со попреченост, насочено кон борба против стигмата и стереотипите, како и развивање континуирани кампањи за Конвенцијата во јавниот и во приватниот сектор и меѓу лицата со попреченост и нивните репрезентативни организации. Комитетот, исто така, препорача државата да размисли за усвојување закон за право на пристап до информации и за отстранување какво било ограничување, кое ги спречува лицата со попреченост слободно да бараат, да примаат и да пренесуваат информации и идеи на еднаква основа со другите, вклучително и на онлајн платформите.

Како одговор на препораките на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост, Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН во 2019 година предвиде неколку мерки за реализација што треба да се спроведуваат во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за радиодифузија и Здружението на новинари на Македонија. Предложените мерки опфаќаат: сензибилизација на медиумските регулатори за правата и потребите на лицата со попреченост, едукација на радиодифузерите за правата на лицата со попреченост, постојани кампањи за подигање на свеста за правата на лицата со попреченост, укажување до медиумите нивните веб-страници да бидат во пристапен формат.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2019 година ја подготви Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност (2019-2023), со цел да ги одреди насоките на своето дејствување и подобрување на голем број од аспектите во областа на медиумите. Во делот насловен како „Заштита на човековите права во медиумските содржини“, предвидено е цело поглавје „Проширување на пристапноста на медиумските услуги и содржини“, кое се однесува на лицата со попреченост, особено на лицата со оштетен вид и со оштетен слух.

Со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година, се проширувaат основите за дискриминација, подобро се дефинира дискриминацијата, а се професионализира и Комисијата за заштита од дискриминација, која ќе треба да работи и на превенцијата, освен на заштита од дискриминација. Попреченоста е директно посочена како дискриминаторска основа, а во дефиницијата за дискриминација е вклучено и оневозможувањето на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Со Националната стратегија за деинституционализација „Тимјаник“ 2018-2027 е предвидена трансформација на системот на институционална грижа кон систем за социјална грижа во семејството и заедницата со поддршка од социјалните служби, односно затворање на институциите и истовремен развој на социјалните услуги во заедницата, чијашто функција се темели на стандардите за човековите права.

Во Стратегијата за образование 2018-2025, државата ќе се залага да обезбеди сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование за сите ученици, а дел од приоритетите се насочени кон зголемување на опфатот на деца со посебни образовни потреби во предучилишното, основното, средното и во високото образование.

# 2. За проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“

Проектот **„Попреченоста е прашање на перцепција“** го спроведува **Институтот за медиуми и различности од Лондон** заедно со **Македонскиот институт за медиуми и Националниот совет на инвалидски организации на Македонија**, со цел зајакнување на видливоста на лицата со попреченост во медиумите. Проектот гледа на видливоста на лицата со попреченост во медиумите како на неопходен предуслов за нивно активно учество во јавниот живот и еднаков третман во остварувањето на правата и слободите. Дизајнот на проектот е одговор на околината во која ослабената улога на медиумите како заштитници на јавниот интерес во Северна Македонија, од една страна, и тешката клима во која работат граѓанските организации, од друга, го стеснија медиумскиот простор за итните потреби на загрозените групи и влијаеја врз погрешните перцепции на граѓаните во препознавањето на постојната дискриминација.

Во отсуство на квалитетно известување, перцепцијата за лицата со попреченост и за нивните потреби останува доминантно субјективна и подложна на предрасуди, а со тоа често и контрапродуктивна. „Невидливоста“ на лицата со попреченост во медиумите го спречува нивното вистинско учество во јавниот живот и целосното практикување на нивните човекови права и на социјалната инклузија. Поради тоа, проектот имаше цел да понуди решенија и да осигури предуслови за намалување на „невидливоста“ на лицата со попреченост во медиумите, преку:

- Зголемување на ефективноста на граѓанските организации што ги застапуваат лицата со попреченост преку поттикнување активен пристап во комуникацијата со медиумите;

• Унапредување на разбирањето и на вештините за практикување инклузивно новинарство од страна на новинарите;

• Поставување повисоко на политичката агенда на темите што се однесуваат на „невидливоста“ на лицата со попреченост во медиумите.

Партнерите во проектот се одлучија за „партиципаторен“ пристап – сензитивизирање и зајакнување на капацитетите на сите засегнати страни, обезбедување одржлива мултисекторска соработка и подигање на јавната свест. Намерата беше да се вклучат сите целни групи и актери, стимулирајќи здружување на постојните ресурси, на внатрешните потенцијали и поттикнувајќи соработка.

Проектот придонесе кон подобрување на вештините и знаењето на двете клучни засегнати страни, поттикнувајќи ги од една страна **новинарите** да известуваат за попреченоста почитувајќи ги принципите на инклузивното новинарство, а од друга, **граѓанските организации што ги застапуваат лицата со попреченост** да комуницираат со медиумите поефективно, преку користење и на традиционалните и на новите медиуми, со цел да допрат до публиката и да ја подигнат свеста за состојбата со правата на лицата со попреченост.

Дополнително, целта на проектот е да ја зајакне соработката меѓу овие две засегнати страни и да им помогне да создадат долгорочни релации. Сите проектни активности водеа кон подигање на свеста во **јавноста** за потребите и правата на лицата со попреченост преку продукција на различни медиумски содржини, активности на социјалните медиуми и иницијативи на организации што работат во нивните заедници. Проектот ги адресираше и **креаторите на политики**, особено преку *Препораките за политики*, што се однесуваат на подобрување на политиките за правата на лицата со попреченост, особено во медиумската сфера, со цел да се посочи на недоволното медиумско известување за лицата со попреченост. Тие беа споделени со **носителите на одлуки** на конференцијата одржана по повод одбележувањето на меѓународниот Ден на правата на лицата со попреченост. **Лицата со попреченост** имаа можност преку проектот да го подобрат разбирањето на јавноста за темите што нив ги засегаат и да овозможат јавниот сектор и индивидуалците да бидат поефикасни при застапувањето на правата на лицата со попреченост.

Со цел да придонесат кон зголемување на знаењето и ресурсите за оваа тема, партнерите во проектот го создадоа и прирачникот „Попреченост: На виделина“, наменет за граѓанските организации што ги застапуваат лицата со

попреченост. Оваа анализа, исто така, придонесува кон подобро разбирање на актуелната состојба и може да даде насока за следните активности во оваа област. Онлајн платформата www.aktiv.mk служи како ресурсна точка за сите документи, вести и информации за активности подготвени за време на спроведувањето на проектот.

Проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“ е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, со времетраење од јануари 2018 до јануари 2020.

# 3. Цел на истражувањето и методологија

Целта на оваа анализа е да се утврди застапеноста и начинот на известување на медиумите за лицата со попреченост. Во таа насока беше направен мониторинг на девет медиуми на македонски и на албански јазик: „Слободен печат“, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Тера, СДК.мк, ТВ Алсат-М на албански јазик, ТВ Коха, весникот „Коха“ и Порталб.мк[1] во периодот од 1-ви до 30 септември 2019 година. Медиумите беа избрани врз основа на нивната гледаност/слушаност и влијанието што го имаат кај публиката.

Кај телевизиите беа мониторирани централните информативни изданија, додека, пак, кај весниците и кај онлајн медиумите се разгледуваа сите рубрики, освен оние за случувањата надвор од државата, за забава и за спорт. Дополнително, беа направени и 18 длабински интервјуа со претставници на институциите, на граѓанските организации и на медиумите, со цел да се истражат ставовите, искуствата и постојните практики на соработка меѓу различните актери, да се дадат предлози за унапредување на механизмите на соработка меѓу нив и на тој начин да се придонесе кон поголема застапеност на лицата со попреченост во медиумите.

[1] „Слободен печат“ е дневен весник на македонски јазик, кој има најголем тираж меѓу дневните весници во државата ( www.slobodenpecat.mk), додека, пак, весникот „Коха“ на албански јазик е најтиражен меѓу весниците на албански јазик ( www.koha.mk); ТВ Сител е терестријална телевизија што емитува на национално ниво и има најголема гледаност (24,24% според Media Sustainability Index (MSI) 2018); ТВ Алсат-М е терестријална телвизија што емитува на национално ниво, на албански и на македонски јазик и има гледаност 5,44% (според MSI 2018); ТВ Телма е терестријална телевизија што емитува на национално ниво, има конзистента и неутрална уредувачката политика (гледаност 3,57%, според MSI 2018); ТВ Коха е регионална телевизија на албански јазик (удел во гледаноста во регионот – 5,07% и во вкупната гледаност – 0,58%), а ТВ Тера е регионална телевизија на македонски јазик (удел во гледаноста во регионот – 2,85% и во вкупната гледаност – 0,46%) (податоците за регионалните телевизии се земени од Истражувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2019); СДК.мк и Порталб.мк се портали на македонски и на албански јазик, кои нудат информативни содржини и имаат значаен досег до корисниците.

# 4. Мониторинг на медиумите: мал број содржини во кои се присутни лицата со попреченост

Анализата на податоците од мониторингот беше спроведена во две фази: прво, во периодот од 1-ви до 15 октомври 2019 година, во мониторираните медиуми беа издвоени сите текстови и прилози што се однесуваат на теми поврзани со чувствителните и маргинализираните групи, односно со теми што ја адресираат попреченоста, етничката припадност, религијата, полот, сексуалната ориентација или возраста. Од тој „универзум“ на прилози и текстови, во втората фаза истражувањето се фокусираше само на оние содржини што се однесуваат на попреченоста и тие беа подетално анализирани во периодот од 15 октомври до 1 декември 2019 година.

Во првата фаза беше утврдено дека на сите пет медиуми на македонски јазик биле објавени 96 прилози, а на медиумите на албански јазик 80 текста поврзани со аспектите попреченост, етничка припадност, религија, пол, сексуална ориентација, години/возраст.

| Табела 1. | Медиуми на македонски јазик | Медиуми на албански јазик |
|---|---|---|
| I фаза (попреченост, етничка припадност, религија, пол, сексуална ориентација, години/возраст) | 96 | 80 |
| II фаза (прилози/текстови на тема попреченост) | 38 | 6 |

Притоа, во мониторираниот период од медиумите на македонски јазик најмногу текстови поврзани со чувствителните и со маргинализираните групи објавиле националната терестријална телевизија Сител (23) и регионалната ТВ Тера (22). ТВ Сител вообичаено отстапува простор во своите вести за социјални стории од целата држава, кои покриваат и теми што се од интерес за оваа анализа, додека, пак, многу од прилозите емитувани на ТВ Тера адресирале информации од регионот каде што зрачи телевизијата. Сличен број прилози и текстови биле објавени на порталот СДК.мк (19), на националната терестријална ТВ Телма (17) и во весникот „Слободен печат“ (15), медиуми што имаат национален досег и дека редовно објавуваат информации за овие групи граѓани. Доминантен дел од содржините, освен на попреченоста се однесувале и на теми поврзани со возраста, етничката припадност и полот. Во медиумите на албански јазик во првата фаза најмногу текстови за чувствителните и за маргинализираните групи беа објавени во весникот „Коха“ (28), на ТВ Алсат-М (21 прилог), на Порталб.мк (20), додека, пак, на Коха ТВ – 11 прилози. Најголемиот дел од објавените прилози и текстови биле на темите етничка припадност, пол, возраст и религија.

Во втората фаза истражувањето се фокусираше на сите текстови што се однесуваа исклучиво на попреченоста и тие беа подетално анализирани од аспект на темата, изворот на информациите, атрибуцијата (како се опишани лицата со попреченост), беше разгледувано дали има цитат од лице со попреченост и каков е тонот на прилогот/текстот.

Бројот на прилози и текстови одвоени во оваа фаза, што се однесуваа специфично на попреченоста, објавени во сите девет медиуми на македонски и на албански јазик во текот на септември, бил мал: во медиумите на македонски јазик просечно биле објавени по пет содржини, со отстапка само кај неколку медиуми кај кои имало повеќе од десет прилози, а кај медиумите на албански јазик биле објавени една до две содржини во мониторираниот период.

Попрецизно, кај медиумите на македонски јазик од вкупно 96 текста и прилози, 38 содржини се однесувале конкретно на попреченоста, 43 на возраста, осум се однесувале на етничката припадност, а седум на полот. Кај медиумите на албански јазик, само 6 содржини од вкупно 80 се однесувале на попреченоста.

| Број на содржини | Медиуми на македонски јазик | Медиуми на албански јазик |
|---|---|---|
| Попреченост | 38 | 6 |
| Возраст | 43 | 12 |
| Етничка припадност | 8 | 42 |
| Пол | 7 | 19 |
| Религија | 0 | 1 |
| Вкупно | 96 | 80 |

## 4.1. Здравството и образованието - најчести теми што се однесуваат на лицата со попреченост

Темите поврзани со лицата со попреченост не се често застапени во вестите и во другите медиуми што беа мониторирани. Онаму каде што биле застапени, во речиси сите случаи, тие најчесто се наоѓаат во вториот блок од вестите на телевизиите, по дневнополитичките теми, некаде дури и по 20-тата минута. Во мониторираниот период, кај медиумите и на македонски и на албански јазик, во ударните термини и содржини доминираа повеќе теми од високата политика, како што се очекување на почеток на преговорите со ЕУ, скандалот со поранешната обвинителка од Специјалното јавно обвинителство, Катица Јанева, преговорите во рамките на заедничката комисија меѓу Македонија и Бугарија, преговорите околу законот за Јавното обвинителство, како и преговорите меѓу Синдикатот и Министерството за образование и наука.

Во релација со лицата со попреченост, темите здравство и образование најчесто доминираа во прилозите и текстовите на мониторираните медиуми на македонски јазик во текот на септември, а потоа следуваа темите

социјална заштита, спорт, култура и политика. Кај медиумите на албански јазик беа застапени темите здравје, забава, политика и образование.

На почетокот на учебната година беше отворено новото основно училиште „Киро Глигоров“ во Скопје, во чии рамки функционира и дневен центар за деца со церебрална парализа. Ова беше настан што го покрија повеќето медиуми на македонски јазик. Во медиумите на албански јазик, еден текст во весникот „Коха“ само индиректно ја адресираше оваа тема, објаснувајќи дека во многу албански села, училиштата се во катастрофална состојба.

Во однос на темата здравство треба да се истакне дека одредени медиуми успешно и конзистентно туркаат приказни што се значајни за лицата со попреченост на дневната агенда на вестите. Така, сторијата за проблемите со остварувањето на инвалидска пензија на лица со попреченост и други здравствени проблеми на овие лица, ТВ Сител ја покри со осум прилози во текот на септември. Телевизијата ја следеше темата од различни аспекти, преку приказните на неколку засегнати граѓани, беа вклучени изјави од релевантни политичари и од надлежните институции, со што тие беа повикани да реагираат и да иницираат ревизија на спорните барања за остварување право на инвалидска пензија.

Во врска со социјалната заштита имаше само неколку содржини, меѓу кои и едно интервју со оперската примадона Весна Гиновска-Илкова, која има брат со попреченост и држи часови по пеење во дом за изнемоштени лица (СДК.мк), лица со попреченост што имаат специфични таленти – сликаат, свират на некој инструмент (ТВ Телма, ТВ Сител), како и за недостигот од толкувачи на знаковен јазик (ТВ Телма).

Само неколку прилози и текстови се однесуваа на спортот, а беа поврзани со достигнувањата или можностите што им се нудат на лицата со попреченост за одредени рекреативни активности.

Во текот на септември имаше само еден прилог во кој конкретна тема беше политиката, а кој индиректно е поврзан со лицата со попреченост. Беше искористена посетата на градоначалникот на една општина, кого при посета на Анкара, Турција, го пречекала делегација во која имало и дете со попреченост.

Од областа на културата имаше само два прилога во целиот мониториран период, како и по еден прилог поврзан со безбедноста на улиците за лицата со попреченост и за можностите за социјална инклузија што би се отвориле при влез на државата во Европската Унија.

Кај мониторираните медиуми на албански јазик, издвоените содржини беа обработени повеќе преку кратките информативни жанрови. Темите во прилозите и во текстовите се однесуваа на здравје, забава, политика и образование, меѓутоа ниедна не се издвојуваше по релевантноста третирајќи хронични проблеми и предизвици со кои се соочуваат лицата со попреченост, со што би се пробила повисоко на агендата меѓу дневните настани што беа покриени од медиумот.

| Табела 2. | Медиуми на македонски јазик | Медиуми на албански јазик |
| --- | --- | --- |
| Теми | Соц. заштита (5)<br>Образование (11)<br>Спорт (6)<br>Политика (1)<br>Здравје (11)<br>Култура (2)<br>Друго (2) | Здравје<br>Урбанизам (2)<br>Политика<br>Образование (2) |
| Извори на информации | Политичари (8)<br>Друго (13)<br>Лекари (2)<br>Лице со попреченост (14)<br>ГО (1) | ГО (2)<br>Лекар<br>Општина<br>Национална агенција<br>Друго (1) |
| Опис на лицата со попреченост | Лица/деца со посебни потреби, инвалиди/инвалидни лица хендикеп<br>Возраст и место на живеење<br>Професија, талент, способност (сликаат, изведувачи на различни инструменти, планинарат итн.) | Попреченост |
| Цитат | Цитат на лице со попреченост во 13 содржини (од вк. 38) | Цитат на лице со попреченост во ниту еден прилог/текст (од вк. 6) |

## 4.2. Недоволен број извори на информации во медиумските содржини

Најчесто консултирани извори на информации во медиумите на македонски јазик во мониторираниот период биле лицата со попреченост, како и членовите на нивните семејства. Сепак, кога зборуваме за цитирањето на лицата со попреченост, треба да се забележи дека кај медиумите на македонски јазик имало 13 цитати од вкупно 38 прилози и текстови што се однесувале на оваа категорија граѓани, додека, пак, кај медиумите на албански јазик немало ниту еден цитат во шесте прилози што се однесувале на овие граѓани. Цитирањето на лицата со попреченост, во новинарските прилози и текстови секогаш е условено од видот на попреченоста, што може да влијае врз фактот дека само во една третина од содржините имало цитати од овие граѓани. Но, во многу случаи може да се забележи дека недостига, односно дека е потребна дополнителна новинарска иницијатива за да се земе изјава од лицето со попреченост.

Кај изворите на информации, следни по лицата со попреченост кои најчесто се појавувале во прилозите и во текстовите биле политичарите, како во темите поврзани со нарушеното право на остварување инвалидска пензија или отворањето на новото основно училиште „Киро Глигоров“. Во четири случаи биле користени информации од институциите. Лекарите биле извор на информации само во два прилога, додека, пак, само по еднаш во различни медиуми и содржини биле консултирани правник, економист, граѓанин, граѓанска организација, професор и синдикат.

Кај медиумите на албански јазик како извори на информации се појавиле хуманитарна граѓанска организација што донирала за реновирање парк за лица со попречености, лекар, општина и национална агенција.

Од наодите може да се нотира недоволната соработка меѓу медиумите и граѓанските организации, односно фактот дека тие не се препознати како извор на експертиза од страна на медиумите. Ова е поткрепено со податокот дека кај сите медиуми во текот на септември, само во три случаи граѓанските организации се појавиле како извор на информации.

## 4.3. Лицата со попреченост најчесто опишани преку нивната попреченост

Во однос на описот на лицата со попреченост, методолошки беа поставени повеќе одредници, какви што се: попреченоста, професијата, возраста и местото на живеење. Во содржините што ги разгледувавме при опис на лицата со попреченост, кај медиумите и на македонски и на албански јазик, најчесто се користи токму попреченоста, што се наведува веднаш по името и презимето на лицето.

Притоа, повеќе медиуми при опишување на овие лица, сѐ уште користат застарени фрази и терминологија, како: инвалиди, инвалидни лица, лица со инвалидитет, лица/деца со посебни потреби или хендикеп наспроти унифицираниот и општоприфатен термин – лица со попреченост.

Медиумите често ги опишуваат лицата со попреченост според годините и местото на живеење, при што овие две одредници најчесто се комбинираат, по што следувал и опис на видот на попреченоста („...52-годишен скопјанец од крајот на минатата година користи и туѓа нега“, „...42-годишен од Ресен, инвалидно лице“, „...58-годишниот Бане од Ајватовци боледува од Алцхајмер“). Во некои прилози и текстови се истакнува професијата, позицијата, способноста или талентот што го поседуваат лицата со попреченост (претседател на Здружението на глуви и наглуви, член на „Вилсон Македонија“, „...на јавноста ѝ е позната по тоа што слика со уста“ итн.).

Од анализираните прилози се добива впечатокот дека лицата со попреченост најчесто се во фокус на медиумите кога треба да се сврти вниманието на некој проблем со кој тие се соочуваат или кога медиумите сакаат да истакнат некое нивно достигнување. Меѓутоа, сѐ уште не постои „нормализација“ на дискурсот од аспект на тоа тие да се претставени како соговорници што настапуваат од некоја општествена позиција или улога, односно на некоја тема што не е поврзана со попреченоста.

## 4.4. Цитатите од лицата со попреченост се реткост во медиумските содржини

Во 13 текста и прилози во медиумите на македонски јазик имало цитати од лица со попреченост, додека, пак, во медиумите на албански јазик во сите шест содржини што се однесувале на овие граѓани, немало ниеден цитат.

Во дел од другите текстови во кои нема цитати од лица со попреченост, се цитираат други соговорници на релевантната тема, а во некои прилози и текстови воопшто нема соговорник. Во некои анализирани содржини се сретнуваат само парафразирани или пренесени изјави од социјалните мрежи или од институции, релевантни за сторијата.

Во шесте прилози и текстови во медиумите на албански јазик, цитатите целосно недостигаат во содржините, кои се најчесто кратки информативни жанрови.

Во некои случаи, кај медиумите и на македонски и на албански јазик, цитатите изостануваат од објективни причини кога станува збор за специфични попречености на лицата. Меѓутоа, во повеќе случаи недостига новинарски ангажман да се слушне и гласот на оние на кои се однесува самиот прилог или текст. Има содржини во кои од социјалните мрежи се пренесува статусот на лице со попреченост кое направило некое спортско достигнување, без медиумот односно новинарот да направи дополнителен напор да стапи во контакт со лицето за изјава, интервју или на поинаков начин да ја обработи темата.

Во прилозите и во текстовите на македонски јазик во 18 случаи имало неутрален, во 20 позитивен, а во ниту еден прилог или текст немало негативен тон. Кај медиумите на албански јазик, во пет содржини имало неутрален, додека во една позитивен тон при известувањето.

# 5. Основни наоди од спроведените интервјуа

## 5.1. Интервјуа со претставници на граѓански организации[2]

Во интервјуата со претставници на граѓанските организации беа опфатени шест лица, од кои тројца претставници на национални организации (сојузи) и три локални организации. Според целните групи, беа опфатени четирите основни групи, односно организации за лица со оштетен слух, оштетен вид, телесна попреченост и интелектуална попреченост, една организација – давател на услуги (асистивна технологија) за сите групи, како и една организација што не е на лица со попреченост туку спроведува активности за лица со попреченост. Две интервјуирани лица се со попреченост, а две се членови на семејство во кое има лице со попреченост.

Во однос на организирањето на работата со медиумите, од интервјуата може да се заклучи дека граѓанските организации се свесни за значењето на медиумите и за придобивките од соработката со нив. Дел од организациите се обучени (на основно ниво) како да соработуваат со медиумите и знаат и користат **алатки за комуникација со медиумите и со новинарите:**

*„...Лицата со попреченост треба да бидат вклучени во активностите на општеството и да се потенцираат (со примери) нивните квалитети и способности. Со тоа делумно би се разбила илузијата дека тие не можат да прават нешта што 'нормалните' луѓе ги можат.“*
***Александар Панајотов, Натура МК Скопје***

[2] Имињата на интервјуираните се наведени на крајот на текстот во делот: Листа на интервјуа

*„Медиумскиот третман треба да придонесе за подигање на нивото на јавната свест на граѓаните за потребите на лицата со инвалидност, а особено на оние граѓани што креираат политики преку нивниот политички ангажман. Само така можеме да се надеваме на целосна инклузија на лицата со инвалидност во општествените текови и признавање на различностите.“* ***Бранимир Јовановски, Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија.***

**изјави, соопштенија, интервјуа и гостувања во емисии, посети на новинари, прес-конференции и сл.** Комуникацијата со медиумите се одвива преку покани и соопштенија за медиуми за одбележување настани, проекти, иницијативи за остварување одредени права, како и гостувања во емисии (најчесто во утрински програми).

Организациите најчесто **немаат ресурси да обезбедат професионално лице** што би ја организирало и би ја водело работата со медиумите; најчесто тоа го прават претседателите, менаџерите или вработените лица, кои не се професионалци во ПР-областа.

Претставниците на организациите истакнуваат дека најчесто **организациите се тие што иницираат контакти со медиумите** и се трудат навремено да ги известуваат за активност, проект, настан, притоа користејќи ги знаењата од обуките за работа со медиуми. Организациите сметаат дека одѕивот и одговорот на медиумите е позитивен и задоволителен. Дел од организациите имаат воспоставено **пријателски однос со одредени новинари, со кои се во континуирана комуникација.**

Претставниците на организациите сметаат дека новинарите, општо земено, **недоволно ги разбираат проблемите и предизвиците на лицата со попреченост и немаат доволно знаења или информации, освен ако немаат директно искуство, односно доколку некој нивен близок не е засегнат со попреченост.** Нивното информирање, нивните вести, репортажи и објави се честопати ограничени и сувопарни, без да ја продлабочат тематиката со проширени знаења, нивен коментар и сл. Се случува новинарите да доаѓаат на настани неинформирани и неподготвени да направат добра сторија, но постојат и новинари што имаат големо искуство во информирањето за теми што се поврзани со лица со попреченост и соработката со нив е особено важна. **Локалните организации имаат проблем во комуникацијата со националните медиуми** – и покрај напорите за стапување во контакт со нив, тие многу слабо известуваат за активностите на локално ниво.

## 5.2. Интервјуа со претставници на релевантни државни институции [3]

Во интервјуата со претставници на релевантни државни институции беа опфатени двајца владини претставници, двајца претставници на Министерството за труд и социјална политика и еден претставник на Министерството за образование и наука, како и еден претставник на локалните власти. Тројца од нив се лица со попреченост.

Претставниците на државните институции имаат главно позитивно искуство од соработката со медиумите. Во последно време новинарите се коректни и отворени за соработка, но голем дел од нив се неподготвени на темите за кои известуваат или работат сторија, што е отежнувачки фактор за квалитетно пренесување на информациите. Според нив, новинарите не се доволно запознаени со правата, проблемите и потребите на лицата со попреченост. Се употребува **застарена терминологија која делува навредувачки затоа што се нагласува инвалидноста, а не можностите на лицето.** Голем дел од текстовите и приказните се базираат на „милосрден" пристап и речиси секогаш се бара од институциите „волја да се помогне", наместо да се упати јасна порака дека лицата со попреченост имаат права што државата е должна да ги обезбеди и да ги оствари.

Интервјуираните претставници посочуваат дека **недостасува истражувачко новинарство, а особено дека недостасуваат емисии од јавен интерес, како и едукација на новинарите,** која би била сеопфатна и континуирана, наместо еднократни и еднодневни обуки.

Интервјуираните претставници на државните институции истакнуваат дека е потребна поголема застапеност на темите што се важни за лицата со попреченост во

*„Почитувањето на човековото достоинство и на човековите права на сите луѓе, вклучително и на припадниците на маргинализираните групи, е обврска на новинарите. Новинарите треба да бидат особено внимателни при употребата на термините за означување на дискриминираните заедници и групи, затоа што една од најраширените форми на дискриминација е негативното и омаловажувачко лингвистичко идентификување. Посебен етички предизвик е употребата на почитувачки термини за луѓето со попреченост, затоа што непочитувачкиот јазик може да предизвика чувство на исклученост."*
***Теодор Богоевски, советник за лица со попреченост во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија.***

[3] Имињата на интервјуираните се наведени на крајот на текстот во делот: Листа на интервјуа

*„Инклузија во медиумскиот простор е кога ќе видам лице со (на пример) Даунов синдром како е презентер на вести на национална телевизија, водител на контактна емисија, на квиз и сл. Дури тогаш ќе можеме да зборуваме за учество на лицата со попреченост во медиумскиот простор, само така ќе се навикнеме на нивното присуство како на нешто многу природно, во спротивно зборуваме за сегрегација. На ‘специјалните емисии’ со ‘специјални новинари’ можеме слободно да ставиме знак ‘само за лица со попреченост, дозволено над 15 години’ и со тоа да ја отсликаме генералната состојба на инклузијата во РСМ.“*

***Мирјана Златанова, советник во Министерство за образование и наука.***

медиумите, со што ќе се дејствува и врз јавната свест и врз општиот пристап кон овие лица, но не да се пишува дека треба „да се соберат донации“, „да му помогнеме на лицето“ итн., туку да се пишува за можностите и за потенцијалите на лицата – тогаш и јавноста, образовните институции и работодавачите ќе се сензибилизираат. Исто така, потребно е надминување на непристапноста на најголемиот дел од студијата и телевизиски куќи, што го ограничува дополнително учеството на лицата со попреченост во медиумите. Недостасуваат емисии што би ги акцентирале квалитетите на животот со попреченост, би зборувале за успесите без притоа да ја акцентираат попреченоста, која во секој случај би била воочена од гледачите.

Негативно искуство е генералниот пристап на новинарите базиран на милосрдие кон лицата со попреченост. Тоа најчесто се рефлектира преку пристап што налага дека мора да им се помогне, а не се презентираат можностите и капацитетите на лицата. Најчесто новинарските стории прикажуваат лица со попреченост и социјални случаи што живеат во сиромаштија, тоа се трогателни приказни што предизвикуваат само сожалување кај јавноста, а не се дава доволно простор за стории за успешни лица со попреченост на професионален и на личен план.

Дополнително, претставниците на институциите посочија дека негативна појава се сè почестите лажни вести, кои одземаат голем дел од времето на институциите во докажувањето на вистината. Исто така, голем дел од медиумите се поврзани со одредена политичка партија и одработуваат за дневнополитичките агенди на одредени партии или бизниси.

Во однос на искуството од соработката со граѓанските организации, претставниците на државните институции истакнаа дека генералната определба на државата е децентрализација и плурализација на системот на социјалната заштита, односно овозможување и вклучување на невладините организации да дејствуваат во рамките на системот и да даваат услуги и сервиси на своите целни

групи. Организациите на лицата со попреченост имаат потенцијал и бидејќи доаѓаат од базата, тие најдобро ги знаат потребите на лицата со попреченост, тие се „богатство на информации“ кои ѝ требаат на Владата. Постојат организации што се добри во тоа што го работат, кои се поразвиени и ги следат европските трендови, но има и помали организации што не се доволно информирани и се неодржливи и покрај нивната добра намера за спроведување некоја програма или нова услуга. Невладините организации се многу важни за системот како даватели на нови услуги за лица со попреченост, какви што се дневните центри и личната асистенција, а исто така се вклучуваат и се консултираат во процесите на донесување нови законски решенија, кои се однесуваат на правата на лицата со попреченост.

## 5.3. Интервјуа со претставници на медиумите[4]

Во интервјуата со претставници на медиумите беа опфатени шест новинари, од кои тројца работат во националните телевизии МТВ, ТВ Алсат-М и ТВ24, двајца во националните радија Македонско радио и Канал 77 и еден претставник на веб-портал. Едно интервјуирано лице е лице со попреченост и едно лице е ќерка на родители со оштетен слух и е толкувач на знаковен јазик. Тројца новинари беа директно вклучени во имплементација на активности во рамките на проектот „Попреченоста е прашење на перцепција“.

Во однос на искуствата за известувањето за лица со попреченост општо во државата, сите интервјуирани новинари се или биле ангажирани во подготовка на стории, прилози, емисии за лица со попреченост, а дел од нив се добитници на награди за својата работа посветена на лицата со попреченост. Генерално, новинарите сметаат дека медиумите недоволно ги следат темите што се значајни за лицата со попреченост, а голема бариера е немањето стратешки план што би бил во

*„Треба самите граѓани со попреченост да се охрабрат и да бидат погласни. Тоа значи дека треба да бидат критички настроени за она што ги тишти во нивното секојдневие.“*
***Вања Мицевска, радио Канал 77***

[4] Имињата на интервјуираните се наведени на крајот на текстот во делот: Листа на интервјуа

*„Медиумите и новинарите можат многу да им помогнат на лицата со попреченост во борбата за нивните човекови права, особено ако се упатени во тоа како се спроведуваат постојните закони, програми и стратегии. За да обезбедат информации за сите во заедницата, а не само за оние што се мнозинство, неопходно е медиумите да ја афирмираат различноста во редакциите, вработувајќи и новинари со попреченост. Неопходно е и приспособување на медиумските содржини за да им бидат достапни и на лицата со попреченост.“*

***Чедомир Шопкиќ, поранешен новинар во Македонско радио, емисија за лица со попреченост „Панта Реи“***

интерес на двете страни. За да се подобри видливоста на лицата со попреченост во медиумскиот простор, новинарите сметаат дека треба да се промени свеста кај надредените во медиумите дека моќта што јавните гласила ја имаат треба да се искористи за да им се предочи на граѓаните со какви предизвици се соочуваат нивните сограѓани што имаат попреченост. Ова е особено важно бидејќи прашањето на инклузија не е секогаш врзано со институционалниот систем туку со општествениот воопшто. Затоа, медиумските работници треба не само да информираат туку и да едуцираат за овие прашања.

Интервјуираните новинари поинаку пристапуваат на пишувањето за лицата со попреченост и за разлика од порано. На прашањата на попреченоста сѐ повеќе гледаат како на прашање на човековите права низ објективот на социјалниот модел, се запазува објективноста при известувањето, прилозите или статиите се исчистени од емоционалност, сѐ повеќе се внимава на терминологијата, се обработуваат позитивни теми со соговорници што се подготвени да зборуваат за своите потреби и права. Добрата новинарска практика во известувањето е „отворањето“ на сите програмски содржини на медиумите за лицата со попреченост, односно уривање на митот дека тие лица мора да бидат застапени само во специјализираните емисии (на пример, „Светот на тишината“ и „Петтиот ангел“ на МТВ) и нивно вклучување во образовната, информативната и во културната програма на медиумите.

Новинарите посочуваат дека за својата работа секогаш имаат поддршка од уредниците и редакциите и секогаш ја имале потребната новинарска слобода.

# 6. Препораки

1. Во медиумите и на македонски и на албански јазик бројот на прилози и текстови што се однесуваат на лицата со попреченост е недоволен и треба да се зголемува, особено кај поединечни медиуми. Покривањето на темите поврзани со лицата со попреченост треба значително да се подобри и во однос на квантитетот и во однос на квалитетот, особено кај медиумите на албански јазик.

2. Темите што ги засегаат лицата со попреченост најчесто се покриени преку вести, извештаи и социјални стории, поретко преку подолги, аналитички жанрови. Потребен е поголем новинарски ангажман и поголема иницијатива на новинарите во идентификувањето теми поврзани со лицата со попреченост и нивно конзистентно покривање, сè до иницирање реакции од институциите и разрешување на евентуалните проблеми.

3. Медиумите сè уште употребуваат застарена терминологија, како лица со посебни потреби, лица со инвалидитет, инвалидни лица, инвалиди, лица со хендикеп, наместо лица со попреченост, што е најсоодветен и општествено прифатен назив. Потребно е да се подига свеста на новинарите и на уредниците за употреба на коректна терминологија во однос на лицата со попреченост, а граѓанското општество треба да пружи поддршка во овој процес.

4. Лицата со попреченост ретко се сретнуваат како соговорници во новинарските содржини, а особено кај медиумите на албански јазик. Слична е ситуацијата и со граѓанските организации што ги застапуваат овие лица, или, пак, кои имаат некаква експертиза поврзана со лицата со попреченост. Новинарите треба да вклучуваат повеќе извори во подготовка на приказните што се однесуваат на лицата со попреченост за да се обезбеди афирмативно потенцирање на експертизите на лицата со попреченост.

5. При известување за лицата со попреченост, новинарите треба да го поттикнуваат дискурсот на „нормализација" во однос на овие теми. Ова подразбира известување не само во случаите кога треба да се истакнат проблеми, предизвици или достигнувања на овие лица, туку преку примена на принципите на „инклузивното новинарство" тие треба да бидат вклучени во различни теми и содржини што ги продуцираат медиумите.

6. Медиумите треба да ја претставуваат различноста во рамките на темите што се однесуваат на лицата со попреченост, а особено на жените и децата со попреченост, како и на повеќекратно маргинализираните групи, какви што се припадниците на етничките групи со попречености. Ова придонесува кон тоа на овие граѓани да се гледа како на некои што имаат еднакви права и потреби како и другите.

7. За да се подобри новинарскиот и медиумскиот пристап кон темите што се однесуваат на лицата со попреченост, потребно е медиумите да отстапат поголем простор во своите програми за емитување теми, вести или информации што ги опфаќаат лицата со попреченост. Новинарите треба да имаат пристап кон лицата со попреченост од аспект на принципите на еднаквост и инклузија во сите сегменти од општественото живеење, а не врз основа на сожалување и милосрдие.

8. Медиумите треба повеќе да ги презентираат можностите и капацитетите на лицата со попреченост, а проблемите со кои тие се соочуваат, треба да се насочуваат кон барање одговори и решенија од институциите, граѓаните и јавноста. Медиумите треба да обезбедат пристапност за лицата со попреченост во своите објекти. Уште поважно е медиумите да овозможат пристапност на своите содржини во формати што се погодни за лица со различен вид на попреченост.

9. Треба да се организираат повеќе сеопфатни и континуирани обуки за новинари, на кои тие суштински би се запознале со проблемите, предизвиците, правата и општо со областа што се однесува на лицата со попреченост. На тој начин би се овозможило практикување на инклузивното новинарство во редакциите, преку кое би се унапредила и општата слика и прифаќањето на лицата со попреченост во општеството.

10. Темите поврзани со маргинализираните групи, вклучително и лицата со попреченост, треба да станат дел од наставните програми на факултетите за новинарство, со цел идните новинари поблиску да се запознаат со областа. Во оваа насока може да се поттикнува соработката меѓу факултетите и граѓанските организации, чии претставници може да пренесат знаење, експертиза и да предложат ресурси од оваа област.

11. Соработката меѓу медиумите и граѓанските организации треба дополнително да се унапредува и да се развива, преку различни механизми и активности. Медиумите можат да генерираат теми, идеи, експертиза од граѓанските организации, на кои, пак, медиумите им се потребни за да можат подобро да се промовираат, да ја претставаат својата работа, своите членови, заложби и иницијативи.

12. Потребна е почеста комуникација, но и почест и „поагресивен“ настап на невладините организации што ги застапуваат лицата со попреченост преку медиумите, во обидите да се изборат за реализација на барањата за подобрување на правата и положбата на овие граѓани, бидејќи медиумите можат да придонесат одредени прашања побрзо да бидат разгледани и разрешени од политичарите. Објективно информирање е од исклучителна важност во тој процес.

## Листа на интервјуа

**Претставници на граѓански организации:**

1. **Горан Сачевски,** активист во Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Струмица
2. **Маргарита Гулевска,** директорка на Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“
3. **Стерја Димов,** генерален секретар на Националниот сојуз на слепи лица на Македонија
4. **Томица Стојановски**, претседател на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Северна Македонија
5. **Александар Панајотов,** Натура МК Скопје
6. **Бранимир Јовановски,** претседател на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија.

**Претставници на релевантни државни институции:**

1. **Душан Томшиќ,** советник на министерката за труд и социјална политика и координатор за развој на социјални услуги во Министерството за труд и социјална политика
2. **Лидија Крстевска Дојчиновска,** државен советник во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и член на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост
3. **Теодор Богоевски,** советник за лица со попреченост во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
4. **Вангел Тркаљанов,** советник во Кабинетот на Министерката за труд и социјална политика
5. **Мирјана Златанова,** советник за ученици со посебни образовни потреби при Сектор за средно образование, образование за возрасни и доживотно учење во рамките на Министерството за образование и наука
6. **Елеонора Панчевска Николовска,** раководител на Одделение за социјална, здравствена и детска заштита – Сектор за јавни дејности при Град Скопје.

**Претставници на медиуми:**

1. **Хекуран Акифи,** новинар, емисија „360 Степени“ на ТВ Алсат-М
2. **Зоран Андонов,** новинар, портал „Сакам да кажам“ (СДК.мк)
3. **Вања Мицевска,** новинар, Радио Канал 77, радио на национално ниво
4. **Марија Башеска Стојановска,** новинар и толкувач на знаковен јазик во ЈРС Македонска радио-телевизија
5. **Сунаи Сабриоски,** новинар, ТВ 24
6. **Чедомир Шопкиќ,** новинар во Македонско радио, емисија за лица со попреченост „Панта Реи“

Оваа публикација е изработена од Институтот за медиуми и различности (МДИ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Националниот совет на инвалидски организации на Македонија (НСИОМ), како дел од проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“, што е финансиран од Европската Унија.

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е одговорност единствено на Институтот за медиуми и различности (МДИ) и на никаков начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.*